# Конфликти и извори на конфликти



НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: ГЛИКЕРИЈА ИЛИОСКА И САМЕТ ЕМУРЛАИ, ОУ „ГОЦЕ ДЛЕЧЕВ"– С. СТЕНЧЕ

**Одделение и предмети**
Четврто и петто одделение (16 ученици – 8 МАК и 8 АЛБ)

**Вонннаставна заедничка активност**

**Преглед на активноста**
Учениците работат на проектна задача на тема за конфликти и како финален продукт изработуваат леток на кој се прикажува што се конфликти. Активноста започнува со работилница во која учениците се воведуваат во темата за конфликти и им се даваат насоки за работа на проектната задача. Се прави поделба на учениците во етнички мешани групи – група новинари и група информатичари. Учениците во улога на новинари подготвуваат прашања за анкета на темата за конфликти, кои се однесуваат на извори и видови на конфликти и решавање на конфликти и прават избор на испитаници што ќе ги анкетираат од редовите на родителите, наставниците, вработените во јавни објекти и друго месно население. Спроведувањето на анкетата се одвива на двата јазика и учениците прават видеозапис од целиот процес на анкетирање. По спроведеното анкетирање групата информатичари ги обработуваат добиените податоци и подготвуваат извештај во кој ги претставуваат податоците со табеларен приказ и столбест дијаграм и даваат заклучни сознанија. На крај учениците, во соработка со родителите, изработуваат двојазичен леток на којшто се прикажува што научиле за конфликти. По повод завршување на проектот, во просториите на општината во присуство на градоначалникот и други гости, се изведе презентација на проектот и летокот и се проследи видеопроекција со инсерти од проектната работа. Во текот на целиот процес на работа учениците од двете етнички заедници меѓусебно соработуваа и се чувствуваше меѓусебна зависност на едни од други, особено во делот на анкетирањето на месното население кога се обидуваа да ги преведат одговорите на испитаниците. Тоа помогна учениците подобро да се запознаат, што поттикна кај нив желба за натамошно дружење и пријателство.



# Konfliktet dhe burimi i konflikteve

MËSIMDHËNËS REALIZUES: GLIKERIA ILIOSKA DHE SAMET EMRULLAI, SHF "GOCE DELLÇEV" – F. STENÇE

**Klasa dhe lënda**
Klasa e katërt dhe e pestë (16 nxënës – 8 MAQ dhe 8 SHQ)

**Aktiviteti i përbashkët jashtë mësimor**

**Pasqyra e aktivitetit**
Nxënësit punojnë në detyrë projektuese në temën për konfliktet dhe si produkt final përgatisin afishe, ku tregohet se çfarë janë konfliktet. Aktiviteti fillon me punëtorinë, në të cilën nxënësit futen në temë për konfliktet dhe aty u jepen kahet për punë në detyrën projektuese. Bëhet ndarja e nxënësve në grupe të përziera etnike – grupi i gazetarëve dhe grupi i informatikanëve. Nxënësit në rolin e gazetarëve përgatisin pyetje për anketë në temën për konfliktet, të cilat kanë të bëjnë me burimin dhe llojet e konflikteve dhe zgjidhjen e konflikteve dhe bëjnë zgjedhjen e anketuesve që do t'i anketojnë nga radhët e prindërve, mësimdhënësve, të punësuarve në objektet publike dhe të popullsisë tjetër të vendit. Realizimi i anketës zhvillohet në të dyja gjuhët dhe nxënësit bëjnë video-regjistrim nga i tërë procesi i anketimit. Pas realizimit të anketimit, grupi i informatikanëve i përpunon të dhënat e fituara dhe përgatit raportin, ku do t'i paraqesin të dhënat me paraqitje grafike e me diagram shtyllor dhe japin njohuri përfundimtare. Në fund nxënësit, në bashkëpunim me prindërit, përgatisin afishe dygjuhësore, ku paraqitet ajo çka kanë mësuar nga konfliktet. Me rastin e kryerjes së projektit, në hapësirat e komunës, në prani të kryetarit komunal dhe të mysafirëve të tjerë, u realizua prezantimi i projektit dhe i afishes dhe kjo u ndoq me një video - projeksion me inserte nga puna projektuese. Gjatë tërë procesit të punës nxënësit nga të dyja bashkësitë etnike bashkëpunuan me njëra-tjetrën dhe ndihej varshmëria e ndërsjellë e njërit për tjetrin, sidomos në pjesën e anketimit të popullsisë së vendit, kur përpiqeshin që t'i përkthejnë përgjigjet e të anketuarve. Kjo ndihmoi që nxënësit të njihen më mirë, gjë që nxiti tek ata dëshirën për shoqërim dhe miqësi të mëtejshme.



Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education